20251953988

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА АФРИКАНСКА СВИНСКА ЧУМА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КОИ ПОТЕКНУВААТ И СЕ ИСПРАЌААТ ОД РЕПУБЛИКА СРБИЈА И ТРАНЗИТИРААТ НИЗ РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Член 1

Во Решението за забрана на увоз и транзит на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на африканска свинска чума во Република Северна Македонија кои потекнуваат и се испраќаат од Република Србија и транзитираат низ Република Србија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 160/21, 198/22, 3/23, 34/23, 99/23, 187/23 и 2/25 ), Прилогот се заменува со нов Прилог, кој е составен дел на ова решение.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-3122/1
16 септември 2025 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
д-р **Оливер Миланов,** с.р.

Прилог

Региони во Република Србија:
- округ Мачвански/Mačvanski;
- округ Западно - Бачки/Zapadno - Bački;
- округ Сремски/Sremski и
- округ Јужно - Бачки/Južno – Bački.